# ЗАПИСНИК
## од дваесет и седмата седница на Совет на општина Гевгелија
## одржана на 24.06.2019 година

На дваесет и седмата седница на Советот на општината која се одржа со почеток во 11 часот присуствуваа 19 члена на Советот од вкупно 19 члена колку што брои Советот.

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет Ташко Дојчинов ја отвори дваесет и седмата седница на Совет на општина Гевгелија.

Претседателот отвори расправа по записникот од дваесет и шесттата седница .

**Ристо Камов член на Совет** - "Ако го прочитате внимателно записникот пред да почне расправата по првата точка јас дадов неколку забелешки ,тие забелешки исто така отидоа во етер но ниту се спомна ниту се гласаше по нив ниту се дискутираше и за на крајот седницата ја напуштив заради тоа што фрагрантно се нарушија принципите за оддржување на седница на Совет.Конкретно имам забелешка за записникот и сакам да се внесе дека во текот на целата седница не бев присутен а тоа треба да се ажурира и кога некој друг сиветник ја напушта седницата .Да се знае кој е присутен а кој не е и во грото од точките се пишува само со колку гласови поминале одлуките .Во законот за Локална самоуправа за работата на советот се кажува дека за ставот на советникот искажан на Советот не се сносува одговорност меѓутоа сега сакам да ве потсетам дека одлуките што ги носиме можеби немат одговорност за тоа што ќе се каже меѓутоа што ќе се направи на седницата имаме одговорност сите .Моето напуштање на седницата беше баш во таа насока да кажам дека со такво непрофесионално однесување на Советот се повредува институцијата Совет на општина Гевгелија и таа заклетва што ја дадовме ние ,обврската свечена дека ќе ги штитиме законите на РМ ќе ве потсетам уште еднаш да си ја повторувате и да знаете дека сите ќе сносиме одговорност пред граѓаните за тоа на каков начин ќе ги оствaруваме седниците на Совет."

Претседателот ја прифати забелешката и го стави на гласање записникот од дваесет и шесттата седница и **Советот едногласно го усвои .**

За работа на дваесет и седмата седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлог-Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на општина Гевгелија,
2. Предлог-Решение за давање согласност на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија,
3. Предлог-Решение за давање согласност на Финансискиот извештај за период од 01.01.2019г. – 31.03.2019г. при ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија,
4. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Габрово (КП бр.1054/4 КО Габрово), (барател: Марјан Атанасов од Гевгелија),
5. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Хума (КП бр.195/1 КО Хума), (барател: Милка Аврамова од Гевгелија),
6. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Хума (КП бр.174/1 КО Хума), (барател: Тања Ичева од Гевгелија),
7. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Хума (КП бр.1061 КО Хума), (барател: Мануел Николов од Гевгелија),
8. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Конско (КП бр.639 КО Конско), (баратели: Микица Петрова од Гевгелија и Драгица Поповска од Скопје),
9. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Конско (КП бр.695 КО Конско), (барател: Трајчо Н.Ристов од Гевгелија),
10. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Кованец (КП бр.1055 КО Кованец), (барател: Марјан Стојменов од Гевгелија),
11. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Кованец (КП бр.1055 КО Кованец), (барател: Митко Стојменов од Гевгелија),
12.Предлог-Решение за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешната организација на работните места во ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија,
13.Предлог-Решение за давање согласност на Правилникот за систематизацијата на работните места во ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија.
14. Советнички прашања.

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** отвори претрес по предложениот дневен ред :

**Ангелинка Петкова член на Совет** даде предлог на дневен ред да се стави нова точка која гласи Предлог-Одлука за доделување на стипендија на талентирани студенти на Медицинскиот факултет во Скопје жители на општина Гевгелија.Предлагаме висината на стипендијата да изнесува 6000 денари месечно за талентиран студент.

**Трајко Арџанлиев член на Совет** даде предлог точките под реден број 1 и 2 да се повлечат од дневен ред.

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** даде предлог на дневен ред да се стави нова точка која гласи Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на даватали на услуги и на директор на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија ,го стави на гласање предлогот и **Советот едногласно го усвои.**

Претседателот на Совет го стави на гласање предлогот на советничката Ангелинка Петкова и **Советот со 18 гласа "за" и 1 воздржан го усвои.**

Претседателот на Совет го стави на гласање предлогот на советникот Трајко Арџанлиев и **Советот со 9 гласа "за" 8 против и 2 воздржани не го усвои** бидејќи за да се симне точка од дневен ред потребно е мнозинство гласови од присутните советници.

Претседателот на Совет го стави дневниот ред на гласање и **Советот со 8 гласа "за" 9 против и 1 воздржан не го усвои .**

**Бидејќи дневниот ред не се усвои претседателот на Совет ја прекина работата на дваесет и седмата седница.**

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на општина Гевгелија**
**Ташко Дојчинов**